ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# Апстракт од конечен ревизорски извештај

**Клучни субјекти опфатени со ревизорскиот извештај:**

Министерство за финансии – Функции на државата

**Предмет на ревизија:**

Ревизија на финансискиот извештај заедно со ревизија на усогласеност

**Цел на ревизијата:**
Дали финансискиот извештај е ослободен од материјално погрешни прикажувања и дали активностите, финансиските трансакции и информациите во истиот се во согласност со законската регулатива

**Клучни утврдени состојби:**

Во Законот за извршување на Буџетот на РСМ за 2021 година не е предвидено дека средствата за финансирање на активностите на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за следење на изборите во 2021 година ќе се исплатат преку Министерството за финансии – Функции на државата.

**Издадено мислење/заклучок*:**

Изразивме мислење без резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеноста со законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

**Клучни препораки:**
Одговорното лице на МФ да преземе мерки и активности за доуредување на начинот на исплата на средствата од Буџетот на РСМ за финансирање на законските обврски на Агенцијата за време на изборен процес.

**Клучни системски слабости:**
Доуредување на Законот за Развојната банка на Северна Македонија, во насока на регулирање на правото на субвенционирање на камата од средства од Буџетот на РСМ, при задолжување на РБСМ кај надворешни кредитори.

**Добиени забелешки на нацрт Извештај:**

Од страна на овластеното лице на Министерството добиени се забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

**Одговор на добиени забелешки:**
Забелешките се разгледани и оценето е дека истите преставуваат известување за утврдените состојби и дадените препораки, кои овластениот државен ревизор ги имаше во предвид во текот на ревизијата.

* позитивно со резерва неповолно воздржување

ул. Павел Шатев бр.2, Палата „Емануел Чучков“, П. Фах 249, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Pallata „Emanuel Çuçkov“, rr. Pavel Shatev nr.2, Fax P. 249, 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
Pavel Shatev Str.2 Palata Emanuel Cuckov, P.O. Box 249, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
T: +38923211262 www.dzr.mk dzr@dzr.gov.mk